ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 383, член 384, член 469 став (1), член 481, член 482, член 483 и член 487 од Законот за трговските друштва, а во врска со член 192 член 194, член 195, член 196, член 197 и член 198 од Статутот на АЛКАЛОИД АД Скопје, Собранието на АЛКАЛОИД АД Скопје, на седницата одржана на ден 03.04.2023 година ја донесе следната

# ОДЛУКА
## За употреба и распоредување на добивката по годишната сметка на Друштвото за 2022 година

| | |
|---|---|
| 1. Дел за дивиденда и данок на личен доход | 701.362.970 ден. |
| 2. Дел од добивката за инвестиции | 710.179.942 ден. |
| НЕТО ДОБИВКА | 1.411.542.912 ден. |

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Собрание на АЛКАЛОИД АД Скопје
Претседавач

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Остварената добивка пред оданочување во 2022 година изнесува 1.533.127.829 денари и е зголемена за 10% во споредба со 2021 година. Данокот од добивка изнесува 121.584.917 денари и по неговото одбивање износот на нето добивката расположлива за распределба е 1.411.542.912 денари.

Во согласност со долгогодишната практика во АЛКАЛОИД АД Скопје се предвидува алоцирање на дел од нето-добивката на компанијата за дивиденда и за персонален данок, додека, пак, остатокот е за инвестиции.

За распределба се предлага дел за дивиденда и персонален данок на личен доход во износ 701.362.970 денари. Вака распределената нето-добивка овозможува на акционерите да им биде исплатена дивиденда од 490 денари бруто за една акција што претставува зголемување од 11,36% во однос на исплатената дивиденда за 2021 година на нето основа.

Остатокот од добивката во износ од 710.179.942 денари се предлага да се распредели за инвестиции како поддршка на производствените програми и бизнис потреби, а се со цел одржување на долгорочниот раст и јакнење на Компанијата.